20359

pres-kliping • press-clipping
1952 — 1972
NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 65,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting — ВЕЧЕР СКОПЈЕ

13. Jul 1972

# Сестраниот Дада

ДРАГАН ПОПОВСКИ — ДАДА, академски скулптор од Скопје:

**— Штотуку го завршив монтирањето на релјефот на главниот влез во новата зграда на Домот на ЈНА во Скопје. Релјефот, за кој ја добив првата награда на конкурсот што беше рсапишан, го симболизира братството и единството на нашите народи. Што по овој голем зафат? Ќе одам на одмор, а по одморот ќе започнам да ја подготвувам мојата самостојна изложба. Пред тоа, со Митриќески ќе одам во Полска. Таму се одржува вајарски симпозиум посветен на скулптурата во мермер и на него првпат учествуваат македонски вајари. Ова не е сè: ќе излагам во Братфорд на заедничката изложба, со ЧЕМЕРСКИ, ТЕМКОВА и ШЕМОВ.**